Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), а во врска со Меморандумот за соработка бр.03-2621/1 од 29.03.2023 година, Градоначалникот на Општина Карпош објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

**за доделување на стипендии за додипломски студии за жители од подрачјето на општина Карпош за учебната 2023/2024 година**

Општина Карпош во соработка со приватниот Меѓународен балкански универзитет (МБУ) во Скопје доделува десет стипендии за редовни студенти за учебната 2023/2024 година.

## I. Право на учество

Право на учество имаат сите заинтересирани кандидати кои ќе запишат редовни студии на приватниот МБУ во Скопје, а се од подрачјето на општина Карпош.

Меѓународен балкански универзитет (МБУ) во Скопје обезбедува стипендија од 90% за студентите од Општина Карпош кои имаат просечен успех од минимум 4,50 (школарина се доплаќа од 200 евра по академска година).

Стипендијата се однесува на следните студиски програми:

- Political Sciences (политички науки);
- Public Relations and Marketing Communications (односи со јавноста и маркетинг-комуникации);
- Industrial Marketing Management (менаџмент на индустриски маркетинг);
- Civil Engineering (градежништво);
- Banking and Finance (банкарство и финансии);
- E-Business (е-бизнис), и

- Psychological counseling and guidance (психолошко советување и насочување).

## II. Потребни документи

Учесниците на Јавниот повик треба да достават:

- кратко мотивациско писмо со телефон за контакт
- копија од диплома за завршено средно образование, и
- копија од лична карта
-

## III. Место и рок за поднесување на документи

Документите можат да се доставaт лично во Архивата на Општина Карпош (ул. „Радика“ бр. 3 – Скопје), со назнака „Јавен повик за доделување на стипендии за додипломски студии за учебната 2023/2024 година“, односно секој работен ден до 15.30 часот.

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 30 јуни 2023 година.

ОПШТИНА КАРПОШ